ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# *И З В Е Ш Т А Ј*

## *ЗА РАБОТАТА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2007 ГОДИНА*




**Скопје, март 2008**

# ВОВЕД

Врховниот суд на Република Македонија, како највисок суд во Републиката, согласно Уставот на Република Македонија и Законот за судовите, своите функции и надлежности во текот на 2007 година ги вршеше со одлучување по вонредните правни лекови во кривичната и граѓанската област и во прв степен во управната област, по тужбите за оценка на законитоста на конечните управни акти на органите на управата до 27.5.2007 година.

Во исполнување на уставните и законските надлежности, Претседателот и сите судии на Врховниот суд на Република Македонија, учествуваа во работењето на советите и на Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија, како и во други активности согласно со законот, насочени кон поефикасна примена на Уставот, законите, и ратификуваните меѓународни договори.

Обемот и интензитетот на работата на Врховниот суд на Република Македонија е изразен преку податоците за постапување по конкретни предмети во текот на целата година за Одделот за казниви дела, Одделот за граѓански дела и податоци за работата на Одделот за управни спорови до 27.5.2007 година.

Прикажани се и други активности и мерки, што беа преземени во Судот, како највисок суд во Републиката.

# I. ПРЕДМЕТНО ОДЛУЧУВАЊЕ

Во 2007 година Врховниот суд на Република Македонија постапувал:

Одделот за казниви дела по **679** новопримени предмети и **70** нерешени од претходната година или вкупно по **749** предмети. Споредено со 2006 година кога биле примени **781** предмети, во 2007 година приливот на нови предмети е помал за **102** или (13,62%). Во делот на решените предмети споредено со 2006 година, кога вкупно биле решени **770** предмети, во 2007 година се решени **700**, а останале нерешени **49** или 6,5%.

Одделот за граѓански дела постапувал по новопримени **1.499** предмети.

Вкупно со нерешените од претходната година **1.422** предмети, во 2007 година во овој Оддел се постапувало по **2.921** предмет од надлежноста на Врховниот суд.

Споредено со 2006 година кога биле примени **1.635** предмети, во 2007 година бројот на новопримени предмети **1.499** е помал за **136** предмети или за (9,7%).

Во 2007 година биле решени **1.358** предмети или **134** предмети повеќе во однос на претходната година кога биле решени **1.224** предмети, но заостатокот на нерешените предмети е зголемен од **1.422** на **1.563** предмети.

Во Одделот за управни спорови во периодот од **1.1.2007** до **27.5.2007** година биле примени **1.722** нови предмети.

Заедно со нерешените предмети од претходните години, вкупно во работа биле **5.213** предмети.

Во овој период биле решени **1.639** предмети, а останале нерешени **3.574** предмети, кои во месец декември 2007 година се преземени од Управниот суд.

## ОБЕМ И ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ОДДЕЛИ

### 1.ОДДЕЛ ЗА КАЗНИВИ ДЕЛА

Во Одделот за казниви дела, во текот на 2007 година биле примени **679** нови предмети или за **102** (13,62%) предмети помалку во однос на претходната година. Со нерешените **70** предмети од претходната година, во Одделот во 2007 година, вкупно во работа биле **749** предмети. Од нив решени се **700** (93,5%) предмети, а на крајот на годината останале нерешени **49** (6,5%) предмети.






**Структура на решени предмети**

Структурата на решените предмети по видот на кривичните дела по барањето за вонредно преиспитување на правосилна пресуда - **КВП** вкупно **354** предмети состојбата е следна:

**-37** предмети за кривично дело -Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот од член 300 во врска со член 297;

**-30** предмети за кривични дела - Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори од член 215;

**-27** предмети за кривично дело - Тешка кражба од член 236;

**-26** предмети за кривично дело - Криумчарење од член 278;

**-23** предмети за кривично дело - Злоупотреба на службена положба и овластување од член 353;

**-22** предмети за кривично дело - Измама од член 247;

**-19** предмети за кривично дело - Тешка телесна повреда од член 131;

**-16** предмети за кривично дело - Убиство од член 123;

**-12** предмети за кривично дело - Кражба од член 235;

**-10** предмети за кривично дело - Даночно затајување од член 279;

**- 9** предмети за кривично дело - Разбојништво од член 237;

**- 9** предмети за кривично дело - Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи од член 396;

**- 9** предмети за кривичното дело - Трговија со луѓе од член 418-а и кривично дело Криумчарење на мигранти од член 418-б;

**- 8** предмети за кривичното дело - Полов напад врз дете од член 188;

**- 6** предмети за кривичното дело - Кражба од член 235;

**- 5** предмети за кривичното дело - Телесна повреда од член 130;

**-5** предмети за кривичното дело - Обљуба врз немоќно лице од член 187;

**-5** предмети за кривичното дело-Неплаќање издршка од член 202;

**-5** предмети за кривично дело -Примање поткуп од член 357;

**-4** предмети за кривично дело - Учество во тепачка од член 132;

**-4** предмети за кривично дело-Затајување од член 239;

**-3** предмети за кривично дело-Грабнување од член 141;

**-3** предмети за кривично дело - Силување од член 186;

**-3** предмети за кривично дело - Посредување во вршење проституција од член 191;

**-3** предмети за кривично дело - Изнуда од член 258;

**-3** предмети за кривично дело -Загрозување на безбедноста во сообраќајот од член 297;

**-3** предмети за кривично дело -Спречување службено лице во вршење на службена дејност од член 382;

**-3** предмети по член 90 од Законот за чек;

**-3** предмети по член 89 од Законот за игри на среќа;

**-2** предмети за кривично дело -Спречување на избори и гласање од член 158;

**-2** предмети за кривично дело -Овозможување на употреба на наркотични дроги од член 216;

**-2** предмети за кривично дело- Незаконит риболов од член 229;

**-2** предмети за кривично дело-Оштетување на туѓи права од член 244;

**-2** предмети за кривично дело -Фалсификување пари од член 268;

**-2** предмети за кривично дело -Криумчарење од член 278;

**-2** предмети за кривично дело -Предизвикување општа опасност од член 288;

**-2** предмети за кривично дело - Тешки дела против општата сигурност од член 292;

**-2** предмети за кривично дело -Давање поткуп од член 358;

**-2** предмети за кривично дело -Лажно пријавување на кривично дело од член 366;

По **еден предмет** за следниве кривични дела: Противправно прекинување на бременост од член 129; Противправно лишување од слобода од член 140; Загрозување на сигурноста од член 144; Обљуба со злоупотреба на положбата од член 189; Одземање малолетник од член 198; Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија од член 206; Тешки дела против здравјето на луѓето од член 217; Разбојничка кражба од член 238; Лажен стечај од член 254; Уцена од член 259; Член 263 од Царинскиот закон; Загрозување на безбедноста на сообраќајот со опасно дејство или средство од член 298; Малтретирање на потчинет или помлад од член 335; Проневера во службата од член 354; Издавање и употреба на

невистинито лекарско или ветеринарско уверение од член 381; Член 59 од Законот за акцизи; Член 60 од Законот за акцизи и Член 137 од Законот за потрошувачи.

Од вкупно решените **354** предмети за вонредно преиспитување на правосилна пресуда, по бројот на предметите и осудените лица состојбата е следна:

**289** предмети со **1** обвинето лице;

**34** предмети со **2** обвинети лица;

**14** предмети со **3** обвинети лица;

**5** предмети со **4** обвинети лица;

**1** предмет со **5** обвинети лица; и

**1** предмет со **10** обвинети лица.

Од вкупно решените **33** предмети за барања за заштита на законитоста, по бројот на предметите и осудените лица, состојбата е следна:

**23** предмети со **1** обвинето лице;

**6** предмети со **2** обвинети лица;

**2** предмети со **3** обвинети лица; и

**4** предмети со **4** обвинети лица

**Начин на одлучување**

**ВКЖ,** од вкупно решените **19** предмети, во **8** случаи жалбите се одбиени како неосновани, а второстепените пресуди се потврдени, во **8** случаи жалбата е уважена и **3** предмети се решени на друг начин-отфрлени.

**КВП,** од вкупно решените **354** барања за вонредно преиспитување на правосилни пресуди **264** се одбиени, **18** уважени, а отфрлени и решени на друг начин се **72** барања.

**ВУК,** од вкупно решените **281** барања за вонредно ублажување на казната, **258** се одбиени, **21** се уважени, а **2** барања се решени на друг начин.

**КЗЗ,** од вкупно решени **33** барања за заштита на законитоста, **28** се уважени, **5** се одбиени како неосновани.

**Траење на постапката**

По однос на времетраењето на постапката во 2007 година пред Врховниот суд на Република Македонија, од нивното доаѓање до нивното решавање, состојбата е следна:

**КВП**-до 1 месец **132** предмети; до 2 месеци **116** предмети; до 3 месеци **61** предмет; до 4 месеци **26** предмети; до 5 месеци **7** предмети; до 6 месеци **4** предмети; до 7 месеци **2** предмети; до 8 месеци **3** предмети; до 11 месеци **2** предмети и до 12 месеци **1** предмет;

**ВКЖ**- до 1 месец **7** предмети; до 2 месеци **3** предмети; до 3 месеци **2** предмети; до 4 месеци **3** предмети; до 5 месеци **2** предмети, до 6 месеци **1** предмет и до 12 месеци **1** предмет;

**ВУК**-до 1 месец **153** предмети; до 2 месеци **90** предмети; до 3 месеци **30** предмети и до 4 месеци **8** предмети;

**КЗЗ**-до 1 месец **10** предмети; до 2 месеци **13** предмети; до 3 месеци **7** предмети; до 4 месеци **2** предмети и до 9 месеци **1** предмет;

**КР**-до 1 месец **5** предмети; до 2 месеци **5** предмети; до 3 месеци **2** предмети и до 9 месеци **1** предмет.

Видно од погоре изнесеното за времетраење на постапката, може да се констатира дека во 2007 година ажурно се постапувало по сите видови на предмети. По одделен број на предмети не можело веднаш да се постапува поради административни пречки кои требало да бидат надминати (прибавување на списи, немање на оригинални списи, уредување на достава на второстепена пресуда, доставени докази во фотокопии и слично).

Кај предметите во кои судот постапувал во трет степен **ВКЖ**, нормално е да постапката траела подолго во фаза на проучување на предметот, а потребно било време и за закажување и одржување на седниците на советот.

Некои од предмети во судот пристигнувале и со некомплетни списи, па било потребно да се враќаат на судовите или на Јавното обвинителство на Република Македонија административно или пак се правеле обиди тоа да го прави судијата на кого му бил распределен предметот со преписка со органот од кого е добиен предметот.

Меѓутоа, може со сигурност да се каже дека кај сите предмети кај кои постапката траела повеќе од 6 месеци, а тоа се вкупно 11 предмети, исклучива причина е што овие предмети најчесто се вратени административно до судовите за комплетирање на списите и повторно вратени во Врховниот суд, а со тоа и постапката се одолговлекувала.

## 2.ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ ДЕЛА

Во овој Оддел во 2007 година биле примени нови **1.499** предмети или **136** (8,3%) предмети помалку во однос на претходната година. Заедно со затечените предмети од претходните години **1.422,** во работа биле вкупно **2.921** предмети од кои на крајот на годината биле решени **1.358** (46,5%), односно **134** предмети повеќе од минатата година. На крајот на годината останале нерешени **1.563** (53,5%) предмети.

Во 2007 година останале нерешени **1.563** предмети или за **141** предмет повеќе од 2006 година кога останале нерешени **1.422** предмети.






**Структура на решени предмети**

Гледано према правните основи во ревизиите пои кои се одлучувало во Одделот за граѓански дела во текот на 2007 година, може да се констатира различност. Така, најмногубројни се по основ работни спорови **559** предмети или **54,75%**, потоа по основ на сопственост и владение **59** предмети или **5,78%**, по основ надомест на штета **139** предмети или **13,6%**, за долг **162** или **15,87%**, за поништување и раскинување на договор **64** предмети или **6,3%**, за неосновано збогатување **10** или **1%**, за издршка **11** предмети или **1,1%**, за развод на брак **8** предмети или **0,8%**, и за станбени спорови **7** предмети или **0,7%.**

Кај барањето за заштита на законитоста најмногубројни биле предметите по основ надомест на штета **71** или **28,6%**, сопственост и владение **60** или **24,2%**,работни спорови **42** или **17%**, долг **36** или **14,5%**, поништување и раскинување на договор **23** или **9,3%**, други спорови **7** или **2,8%** и по основ на неосновано збогатување **7** или **2,8%.**

Причина за голем број на предмети по основот работен спор по вонредни правни лекови, претставува економската состојба во земјата, односно стечај на фирми, намалување на бројот на работници кај повеќе работодавачи како резултат на економски, структурални и слични промени и друго. По другите основи бројот на предметите се движи во рамки и вообичаени бројки како и во претходните години.

**Начин на одлучување**

Од вкупниот број граѓански предмети **2.921** кои биле во работа во 2007 година, по ревизија се **2.579** предмети односно **88,3%** од вкупниот број предмети, а од овие решени по ревизија се **1.021** предмет, односно **46,5%**.

Од решените **1.021** предмети, содржината на одлуките по ревизии изгледа вака:

**-556** ревизии се одбиени **(54,5%)**,

**-52** ревизии се уважени и одлуките преправени **(5,1%)**,

**-129** ревизии се уважени и одлуките укинати **(12,63%)**,

**-189** ревизии се отфрлени **(18,5%)**, и

**-95** се решени на друг начин **(9,3%)**.

Според бројот на одбиените ревизии, споредбено со претходните години, резултатите изгледаат вака: во **2002** година **61,6%**, во **2003** година **45,16%**, во **2004** година **38,6%**, во **2005** година **40,33%**, во **2006** година **60%**, а во **2007** година **54,5%**.

Од овие бројки се гледа дека процентот на одбиените ревизии во 2007 година како неосновани споредбено со претходната година е намален, што значи благозголемен процент на квалитет во работата на апелационите судови.

Во текот на 2007 година биле решени **248 предмети по барања за заштита на законитоста (БЗЗ)**.

Од решените 248 предмети по барања за заштита на законитоста

**-82** од нив се уважени и преиначени судски одлуки **(33,1%)**,

**-79** укинати судски одлуки **(31,9%)**,

**-78** барања се одбиени **(31,5%)**,

**-6** барања се решени на друг начин **(2,4%)**, и

**-3** барања отфрлени **(1,2%)**.

Одделот за граѓански дела одлучувал и во предмети за **судир на надлежност, определување на друг стварно надлежен суд, продолжување рок за поднесување на тужба за оспорување на татковство** од кои во работа биле вкупно **93** предмети, а од нив се решени **89** предмети или **95,7%**, а останале нерешени **4** или **4,1%**.

**Траење на постапката**

Во 2007 година од вкупно решени **1.358** предмети, траењето на постапката

-над 6 месеци била кај **1.199** предмети,

-од 3 до 6 месеци кај **32** предмети,

-од 1 до 3 месеци кај **51** предмет и

-до 1 месец кај **76** предмети.

Судиите од Одделот за граѓански дела, беа распоредени и работеа по предмети во посебните совети од Одделот за управни спорови до крајот на месец мај од кога престанала надлежноста на Врховниот суд на Република Македонија за одлучување по управните предмети.

## 3.ОДДЕЛ ЗА УПРАВНИ СПОРОВИ

Во овој Оддел од **1.1.2007** до **27.5.2007** година биле примени нови **1.722** предмети.

Од **27.5.2007** до **5.12.2007** година биле примени нови **3.090** предмети, односно **4.812** предмети, што значи дека во 2007 година во споредба со претходната година, бројот на новопримени предмети бил зголемен за **1.373** предмети.

Според евиденцијата на Одделот, состојбата е следна:

На **1.1.2007** година во Одделот се затекнати незавршени **3.491** предмети.

До **27.5.2007** година биле примени нови **1.722** предмети.

Вкупно во работа биле **5.213** предмети.

Од вкупно решените **1.639** предмети заклучно со **27.5.2007** година, во извештајниот период во Одделот биле решени :

**-1.607** управни спорови,

**-3** барања за заштита на законитоста против пресуди донесени во управни спорови,

**-23** предмети по член 64 од Законот за управните спорови,

**-4** предмети по барања за вонредно преиспитување на пресуди на основните судови во управно-сметководствени спорови и

**-2** предмети по барања за заштита на слободите и правата загарантирани со Уставот.

Законот за управните спорови стапи во сила на 27.5.2006 година, а почна да се применува на 27.5.2007 година.

Со денот на почетокот на примена на Законот за управните спорови, престана да се применува и да важи Законот за управните спорови ("Сл.лист на СФРЈ" бр.4/77, 36/77 и "Сл.весник на РМ" бр.44/2002), според кој Врховниот суд беше надлежен да одлучува во управните спорови.

Поради тоа, Врховниот суд на Република Македонија од 27.5.2007 година престана да одлучува во управните спорови. Но, Судот продолжи да ги прима и заведува тужбите за покренување на управни спорови, со оглед на тоа што Управниот суд почна со работа во декември 2007 година.

Од **27.5.2007** година до денот на извршеното примопредавање со Управниот суд, во Врховниот суд на Република Македонија беа заведени нови **3.090** предмети.

Незавршените **3.574** предмети и новопримените **3.090**, односно вкупно **6.664** предмети, во декември 2007 година се предадени на Управниот суд.

Со Законот за управните спорови е определена надлежноста на Врховниот суд на Република Македонија да решава по жалби против пресудите на Управниот суд од членот 30 став 3 од Законот за управните спорови, кога странката барала одржување на јавна расправа, како и по на жалбите против решенијата на Управниот суд донесени по предлог за заштита на слободите и правата загарантирани со Уставот од член 62 од Законот за управните спорови.

Предвидено е и право на барање за заштита на законитоста против одлуките на Управниот суд донесени по тужбите за повторување на постапката.

Во 2007 година во Врховниот суд на Република Македонија не се примени жалби, односно барања за заштита на законитоста, со оглед на краткиот период од почетокот на работата на Управниот суд.



## II. РАБОТА НА ОПШТАТА СЕДНИЦА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (член 37 од Законот за судовите) И СЕДНИЦА НА СУДИИ

Согласно со член 37 од Законот за судовите, во исполнување на Уставните и законските надлежности, Претседателот и сите судии на Врховниот суд на Република Македонија учествуваа во работата на Општата седница.

Врховниот суд на Република Македонија во текот на 2007 година има одржано **11 Општи седници** на кои се разгледувани повеќе прашања:

-Одлучување по барања за заштита на законитоста на Јавниот обвинител на Република Македонија, подигнати против пресудите на советите во Одделот за управни спорови.

-Дадено е мислење по Предлогот на Судскиот деловник.

-Разгледан е и усвоен Извештајот за работата на Врховниот суд на Република Македонија за 2006 година.

-На проширена Општа седница во два дена се разгледани Извештаите за работата на судовите во Република Македонија за 2006 година и усвоени оценки и заклучоци по истите.

-Дадено е мислење за примена на одредбите од член 35 и член 36 од Законот за судовите, во врска со остварувањето на правото на судење во разумен рок.

-Назначување на двајца членови во Програмскиот совет на Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

-Разгледани се предлози за времено упатување на судии во основните судови.

-Разгледување на Предлог-Извештајот за работата на Врховниот суд на Република македонија во 2006 година.

-Давање мислење за бројот на судии во 4 апелациони судови и во два основни суда.

-Утврдување мислење за бројот на судиите во Врховниот суд на Република Македонија.

-Давање мислење за утврдување ориентациона норма за решавање на предметите.

-Претходно мислење по распоредот за работа на судиите на Врховниот суд на Република македонија од септември 2007 година.

-Донесена е одлука по 10 приговори на судии против одлуките за Годишниот распоред за работа на судот, донесени од претседателите на судовите.

-На Општи седници се формирани три Совети за одлучување по жалбите изјавени против решенијата за разрешување на судиите донесени од Судскиот совет на Република Македонија.

**Седници на судии**

Во Врховниот суд на Република Македонија на Седниците на судиите биле разгледувани прашања, како што се:

-Распоредот за работа на судиите;

-Мислење по Предлог законот за донесување на Закон за судска служба;

-Договор за постапувањето на Врховниот суд на Република Македонија во врска со почетокот на примената на Законот за управните спорови;

-За измена и дополнување на Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија;

-Тековни прашања за работата на Врховниот суд на Република Македонија со месечните извештаи за работата на судиите на Врховниот суд.

**III.ДРУГИ АКТИВНОСТИ**

Во текот на 2007 година, во контекст на други активности, Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија оствари бројни средби со меѓународни претставници и делегации кои се запознати со работата на Судот и со реформите на судскиот систем.

**Одделот за казниви дела** во текот на 2007 година расправал по разни материјали и информации што му биле дадени во надлежност за произнесување од Министерството за правда и други институции по кој се завземени одредени становишта, а биле разгледувани и донесувани правни прашања по одредени прашања. На седници на оддели биле разгледувани и прашања кои биле доставени од трите Апелациони судови - кривичните оддели за заеднички средби на трите Апелациони суда на кои средби учествувале и судии од одделот.

Во текот на извештајната 2007 година судиите од **Одделот за казниви дела** извршија и работни посети на Основните судови: Велес, Гевгелија, Гостивар, Крива Паланка, Штип, Свети Николе, Дебар, Берово и Квадарци.

Судиите, државните советници, советници и вишите соработници во извештајната година активно учествувале и на повеќе конференции, семинари и советувања организирани од страна на Министерството за правда, Здружението на судии на Република Македонија, Академијата за судии и јавни обвинители, Советот на Европа, ОБСЕ и други.

Во текот на 2007 година **Одделот за граѓански дела** одржа бројни состаноци на кои се расправало за разни правни прашања кои произлегуваа од предметите, правни прашања и проблеми поставени од основните и апелационите судови, по кои се договорени ставови, донесени правни мислења и заклучоци по истите.

Судиите од Одделот за граѓански дела во текот на извештајната година учествувале и во работни тела и комисии за повеќе законски проекти, семинари, едукации и студиски патувања, при што таквата нивна ангажираност немало негативно влијание за редовното работење на Одделот.

Судиите извршија посета на единаесет основни судови и на Апелационите судови во Република Македонија, согласно Програмата и Распоредот на овој Оддел за посета на судови во 2007 година. Остварени се и посебни работни средби со одделите за граѓански дела на Апелационите судови на кои, освен редовната размена на мислења по правни прашања, посебно е расправано за дилемите околу примената на новиот Закон за парничната постапка како и примена на Законот за Работни односи.

Во текот на годината заклучно до 27.5.2007 година, Одделот за управни спорови одржал неколку седници, на кои бил разгледан и усвоен Извештајот за работа на Одделот за 2006 година, а исто така се расправало за донесување мислење и заземање став по тековните прашања во врска со управните предмети во Одделот.

## IV. РАБОТА ВО ВРСКА СО ПРЕТСТАВКИТЕ И ДРУГИТЕ ОБРАЌАЊА ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во текот на 2007 година во Врховниот суд на Република Македонија, примени се вкупно **1.093** поднесоци. Од нив **510** се барања за побрзо решавање на предметите, **49** се барања за потврди за заведени управни спорови, **381** претставки и **152** други поднесоци.

Според Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија, Претседателот од вкупно **510** барања за приоритетно решавање, одобрил **131**, од тоа **64** се за предмети во управна постапка, **62** приоритети се одобрени за поднесени ревизии и **5** барања за заштита за законитоста во граѓанска постапка.

Во **47** случаи до Судот се обратил Народниот правобранител, во **36** случаи Министерството за правда и во **2** случаи Хелсиншкиот комитет за човекови права.

Претставките најчесто се однесуваат на долгото траење на постапките пред основните судови, како и на работата и однесувањето на поедини судии и претседатели. На сите претставки, Врховниот суд одговорил и постапил по Законот за судовите и Судскиот деловник.

### Слободен пристап до информации од јавен карактер

Во текот на 2007 година примени се вкупно **19** барања по Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Десет барања се позитивно решени. Одговорено им е на прашањата истакнати во иститe. По пет барања се донесени решенија со кои барањата се одбиени, од причина што подносителот бара одговор на прашање, а не иформација според Законот.

Четири барања се оценети како непотполни.

Нема вложени приговори по одлуките при повторно одбивање на бараната информација. Нема поведени управни спорови во случај на молк на имателот на информацијата.

## V. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ

**1**.Во Врховниот суд на Република Македонија вкупно во 2007 година биле примени 3.900 предмети, од кои во Одделот за казниви дела 679 предмети, во Одделот за граѓански дела 1.499 предмети и во Одделот за управни спорови до 27.5.2007 година 1.722 предмети. Одделот за казниви дела решил вкупно 700 предмети, Одделот за граѓански дела 1.358 предмети, а Одделот за управни спорови 1.639 предмети или вкупно решени се 3.697 предмети. Вкупно нерешени останале 1.612 предмети, од кои 49 од Одделот за казниви дела, 1.563 од Одделот за граѓански дела, а нерешените предмети од Одделот за управни спорови се предадени на Управниот суд.

**2.**Одделот за казниви дела извештајната 2007 година ја завршил како апсолутно ефикасен. Остатокот од 49 нерешени предмети, се должи на фактот што определен број предмети се примени во последните два месеци од извештајната година и тие не можат да бидат земени во работа од објективни законски рокови поврзани со мислења на странките.

**3.**Во Одделот за граѓански дела во извештајната 2007 година се решени 1.358 предмети, односно 134 предмети повеќе споредено со 2006 година. Со новата поставеност на Врховниот суд на Република Македонија и Распоредот за работа во 2008 година, се очекува заостатокот видно да се намали, со што ќе се зајакне ефикасноста на Судот, во постапувањето по вонредните правни лекови.

**4.**Во Одделот за управни спорови во извештајната 2007 година за периодот од 1.1.2007 до 27.5.2007 година, во вршењето на неговите со Устав и закон утврдени надлежности, решил 1.639 предмети, што значи дека и во извештајниот период Одделот работел со висок степен на ангажираност на судиите и советниците.

**5.** Врховниот суд на Република Македонија во остварување на уставната функција и надлежност, обезбедување на единствена примена на законите од страна на сите судови во Републиката и воедначување на судската пракса, ќе продолжи и во наредната година да остварува посети на основните и апелационите судови.

**6.**Врховниот суд на Република Македонија ќе изработува сентенци кои ќе бидат одобрени на седница на одделите, заради Web страницата на одлуките за воедначување на судската практика.

**ВРХОВЕН СУД**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**